# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

***Ланком компјутери има целосна доверба во ефикасноста на Системот за унапредување на квалитетот базиран на стандардот ИСО 9001:2015 И ИСО 27001:2013. Овој систем Ланком компјутери го преточува во практика посветувајќи им целосно внимание на своите клиенти.***

ИСУ во Ланком компјутери е заснован на основните принципи за управување со квалитетот , време, опсег и цена. Преку процесниот пристап кон управувањето, раководството на Ланком ги утврди сите процеси што водат до исполнување на барањата на купувачите, нивната меѓусебна поврзаност, како и методи за следење и за мерење на нивната ефикасност. Раководството обезбедува ресурси за реализација на сите процеси опфатени со ИСУ.

Раководството ги користи сите методи предвидени со стандардите за зголемување на квалитетот на процесите, меѓу кои се и методите на превентивни и корективни акции.

Раководството на Ланком компјутери преку висока професионалност и обученост на своите вработени се стреми кон висок квалитет на своите решенија со информатички технологии.

**Јануари 2016**

**Координатор за квалитет**

**Билјана Апостолска**